**20251753746**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ПОБЕЗБЕДЕН ИНТЕРНЕТ

Член 1

Со оваа одлука се формира Национален центар за побезбеден интернет (во натамошниот текст: Националниот центар), како единствена национална точка за контакт и координација на механизмите за пријавување и известување, како и унапредување на националните капацитети за обезбедување совети и поддршка за деца, млади, родители/старатели, наставници и други засегнати страни во врска со употребата на дигитални технологии и услуги од страна на децата.

Член 2

Националниот центар го сочинуваат национален координатор, заменик на националниот координатор, десет членови и заменици членови и тоа:

1. Национален координатор - државен секретар во Министерството за дигитална трансформација.
2. Заменик на националниот координатор – член од Министерството за дигитална трансформација.
3. Член и заменик член од:

- Министерството за внатрешни работи,
- Министерството за надворешни работи и надворешна трговија,
- Министерството за правда,
- Министерството за социјална политика, демографија и млади,
- Министерството за здравство,
- Министерството за образование и наука,
- Министерството за локална самоуправа,
- Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија,
- Агенцијата за електронски комуникации и
- Агенцијата за заштита на личните податоци.

Во работата на Националниот центар по потреба учествуваат и претставници од Младинскиот панел од младински организации и младинци кои работат во областа на младински активизам за побезбеден интернет.

Член 3

Националниот центар ги врши следниве работи:

- контакт и координација на механизмите за пријавување и известување со националните служби,
- помош, поддршка и претставува контакт точка со сите линии (helpline) за советување и психолошка поддршка за жртви на онлајн злоупотреби,

- помош и поддршка за пријавување проблем (hotline) за анонимно пријавување на нелегална содржина,

- превентивна и едукативна поддршка на деца, родители и наставници за дигитална писменост и дигитална безбедност, вклучително и користење на дигитални алатки како дел од активностите на Центарот, со можност за техничка поддршка при функционирање на истите, согласно достапните ресурси и

- организирање кампањи, работилници за подигнување на јавната свест за побезбеден интернет.

Член 4

Во извршување на работите од член 3 од оваа одлука, Националниот центар соработува со владини, невладини, приватни и интернационални организации кои се вклучени во решавање на проблемите на онлајн безбедноста за деца и млади.

Член 5

Стручно-административните работи на Националниот центар ги врши секретар од редот на вработените во Министерството за дигитална трансформација.

Член 6

За својата работа Националниот центар донесува Деловник за работа.

Член 7

Националниот центар доставува годишен извештај за својата работа до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година, заради информирање.

Член 8

Оваа одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6663/14
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.